## -Резиме на Посебниот план за стопанисување со шуми

## за Шумско стопанската единица „Стогово Лопушник“ -

### 1.Опис на ШСЕ „Стогово Лопушник“

За ШСЕ „Стогово Лопушник“ е изработен план за стопанисување кој е со важност од 2022-2031 година.Ова уредување е седмо по ред. Со ова уредување е костатирана следната состојба :

-Вкупна површина на ШСЕ........................................................................................5898,80 ха

-Шуми.........................................................................................................................5566,80 ха

-Шумско земјиште.......................................................................................................261,20 ха

-Земјиште за други намени.........................................................................................70,оо ха

Целата површина е поделена на 106 оддели.

Со овој Посебен план се опфатени површини во државна сопственост, површини со неизложени права и површини каде што државата се јавува како сопственик.

Приватните шуми не се опфатени.

Разнообразието на природните услови во рамките на оваа ШСЕ овозможило присуство на неколку шумски заедници , вклучително и различни видови на култивирани насади од смрча, ела, дуглазија и ариш.

Според формата на одгледување во оваа ШСЕ ,застапени се две форми и тоа:

-Високостеблена форма на одгледување и

-нискостеблена форма на одгледување.

На високостеблената форма отпаѓаат 3142,10 ха површина ,додека на нискостеблена форма 2424,70 ха.

Според начинот на стопанисување насадите во оваа ШСЕ се поделени на разновозрасни со површина од 2911,90 ха ,едновозрасни со површина од 2556,70 ха и култивирани со површина од 58,20 ха.

Вкупната дрвна маса изнесува 996.036 м3 , со тековен прираст од 17.368 м3.

## 2. Општи цели на стопанисувањето

Според позитивните законски прописи шумите се третираат како добро од посебен општествен интерес.

Поради таквиот третман и со Шумско стопанските единици ќе се стопанисува по принципите за трајно стопанисување и искористување а со цел трајно да се обезбедат одредени количини на дрвни сортименти и шумски производи.

Исто така со стопанисувањето ќе се тежнее да се постигнат и општо корисните функции на шумите како што се заштита на почвата од ерозија, подобрување на климата ,прочистување на воздухот ,регулирање на водниот режим и друго.

## 3. План за користење на шумите

Планот за користење на шумите содржи: план за главни сечи и план за користење на други шумски производи.

Главниот принос во оваа ШСЕ ќе се остварува по пат на групимично пребирна сеча, оплодна сеча и дел со чиста сеча.

Групимично-пребирната сеча се спроведува претежно во високо стеблените насади и за овој стопански период се планира да се произведе 68.021 м3 дрвна маса.

Целта на оваа сеча е максимално користење на производниот капацитет на стаништето и обезбедување на обилно и квалитетно природно подмладување.

Оплодната сеча ќе се применува во високостеблени дабови насади и се планира да се посечат 5.064 м3.Исто така целта ќе биде да се створат делови за квалитетна обнова по природен пат.

Чистите сечи ќе се применуваат во нискостеблените дабови шуми и планирана е сеча од 16.672 м3 дрвна маса. Целта на оваа сеча е да се обезбеди посигурна и поквалитетна вегетативна обнова на шумата.

Планиран е и вонреден етат од 8.314 м3 дрвна маса,кој доаѓа од планирана изградба на шумски патишта во должина од 37,45 км.

## 4.План за одгледување

Оваа шумско стопанска единица претежно е обрасната со шуми. Во овој период се предвидува да се пошумат голини на површина од 12,8 ха , претежно со смрча и елка.

## 5.Шуми во кои не се дозволува напасување на добиток

Според Законот за шуми се забранува пасење на добиток во шума. Но бидејќи на просторот на оваа ШСЕ се одгледува доботик (овци и говеда) нема можност за целосно елиминирање на напасувањето. Со цел создавање услови за обновување на шумите во кои се планирани стопански мерки како и во оние шуми каде обновата е завршена или во тек ќе се забрани напасување на добиток.

## 6. Заклучок

Од досегашното стопанисување со ШСЕ „Стогово Лопушник“ може да се заклучи дека во претходните стопански периоди не е вршено искористување на дрвната маса максимално колку што е предвидено што значи прирастот секогаш бил поголем од посечената дрвна маса ,вршено е потсејување со елка во буковите шуми и бесправните сечи сведени се на минимум.

Самостоен референт на
ШСЕ„Стогово Лопушник“
-----------------------------------
/Дипл.инж.Саве Тасески/